СМРТ НА ФАШИЗМОТ - СЛОБОДА НА НАРОДОТ

# СЛУЖБЕН ЛИСТ

## НА ФЕДЕРАТИВНАТА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ" излегуе два пати неделно. — Ракописите не се вракјаат. — Огласите по тарифата. — Чековна сметка Nr. 62324. — Поштарина платена во готово.

Петок, 28 јуни 1946
БЕЛГРАД
БРОЈ 52 ГОД. II.

Цена на овој број е 6.— дин. — Претплата за прво полугодиште 1946 год. дин. 350.— а за цела 1946 год. дин. 650.— Редакција: Бранкова бр. 20. — Телефони: Редакција 28-838, Администрација 22-619

**355.**

### УКАЗ

На основа членот 74 точ. 6 и членот 136 Уставот Президиумот на Народната скупштина на ФНРЈ го прогласуе Законот за потврда и измени и дополнуења на Законот за земање војна печалба спечалена за време непријателската окупација од 24 мај 1945 година, кој што на основа овластуењето од членот 136 Уставот го донеле законодавните одбори на Сојузното векје и Векјето на народите на Народната скупштина на ФНРЈ а кој гласи:

### ЗАКОН

### ЗА ПОТВРДА И ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУЕЊА НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМАЊЕ ВОЈНА ПЕЧАЛБА СПЕЧАЛЕНА ЗА ВРЕМЕ НЕПРИЈАТЕЛСКАТА ОКУПАЦИЈА ОД 24 МАЈ 1945 ГОДИНА

Законот за земање војната печалба спечалена за време непријателската окупација од 24 мај 1945 година, се потврдуе со измените и дополнуењата наведени во овој закон, така да овој закон гласи:

### ЗАКОН

### за земање војната печалба спечалена за време непријателската окупација

Член 1

За војна печалба, во смисла на овој закон, се смета оној вишок на имотот кој што на денот 9 мај 1945 година го имало правно или физичко лице преку имотот што тоа лице го имало на 6 април 1941 година, а кој вишок произлегуе од стопанска или друга шпекулативна дејност вршена за време војната во земјата или вон од неа со используење исклучителните војни прилики и бедата на народот, а во својата вкупна вредност изнесуе повечку од 25.000 динара ДФЈ.

Член 2

1) Како војна печалба се смета и оној дел на имотот, спечален на начин и за време означено во членот 1, кој што е утрошен за било какви инвестиции или за поправка штетата настаната за тоа време на имотот на војниот добитник или кој што е употребен за отплата на неговите долгови, направени пред 6 април 1941 година.

2) За војна печалба се смета и оној имот на војниот добитник кој што го спечалил во текот на војната и кој што подоцна преку наследство, подарок или мираз, го пренел на друго лице.

3) Нема да се смета за војна печалба печалбата спечалена со занаетско работење на самостоен занаетчија кој што не упослуел повечку од еден помошник и еден ученик и печалбата спечалена со поледелска работа на землоделецот кој што постојано не употребуел наемна работна сила. Под постојано употребуена наемна работна сила нема да се смета онаа наемна работна сила која што привремено или постојано е употребуена на селско стопанство или во занаетчиско заведение за да би се со неа заради војната заменила изгубената работна сила (одење на војска, интернација, плетство, убиство и тн.).

4) Одредбите на овој закон нема да се применуат на она лице кое што заради непосредното дејство на војните собитија претрпело штета во таа мерка да вредноста на неговиот целокупен имот на ден 9 мај 1945 година била помала од неговата вредност на ден 6 април 1941 година.

5) Не се сметат за војна печалба во смисла членот 1 на овој закон оние што се употребени за отплата долговите од страна на землоделците, чија сопственост не преминуе површина 10 хектари работна земја односно кај фамилијарната задруга 20 хектари, доколку тие долгови се подмирени од приходот од поледелската работа.

6) Прописите на овој закон нема да се преминуат на кооперативни организации (кооперации и кооперативни сојузи) и на нивните установи и претпријатија.

7) Се укинуат сите одлуки и решења донесени против кооперативните организации и нивните установи и претпријатија, и сите постапки, извршни и обезбедни работи, превземени или спроведени против нив на основа досегашните прописи на Законот за земање војната печалба спечалена за време непријателската окупација.

Член 3

1) Височината на војната печалба ја утврдуе окружниот суд, по предлог на окружниот јавен обвинител.

2) За утврдуење војната печалба на физичко лице е надлежен оној окружни суд на чие подрачје војниот добитник имал за време војната главно претпријатие, заведение или занимавање, а ако имал едно или повечку претпријатија, заведенија или занимавања на подрачјето на два или повечку окружни судови, за утврдуење на војната печалба е надлежен оној окружни суд на чие подрачје војниот добитник има свое пребивалиште, а ако такво нема, тогај оној окружни суд на чие подрачје војниот добитник имал последно пребивалиште во земјата.

3) За утврдуење војната печалба на правно лице е надлежен оној окружни суд на чие подрачје се навогјало седиштето на правното лице на ден на ослободуењето.

Член 4

Комисиите за утврдуење војната печалба при околиските, градските, реонските и окружните народни одбори, кои што до влегуењето во сила на овој закон биле надлежни за утврдуење војната печалба, ке ги устапат:

а) на окружниот јавен обвинител сите податци и предмети по кој што до денот на влегуењето во

сила на овој закон не ке биде донесена првостепена одлука, заради наставување постапката пред надлежниот окружни суд;

б) на комисиите од ст. 1 членот 13 на овој закон сите предмети по кои што до денот на влегување во сила на овој закон ке бидат донесени првостепени одлуки и против кои ке бидат изјавени жалби, заради доносување одлуки по тие жалби;

в) на повереничците за финансиите на околиските односно градските и реонските народни одбори, надлежни според ст. 2 членот 16 на овој закон, сите предмети по кои е донесена правосилна одлука, заради барање наплата.

Член 5

1) Ако окружниот јавен обвинител, на основа подаците примени по членот 4 точката а) или инаку, стекне доверба за некое лице да е војни добитник, тој тоа лице ке го повика со писмен позив да во срок од осум дена поднесе пријава за својата војна печалба.

2) За правни лица пријавата ја поднесуе нивниот застанник а за маси и лица под старателство старателот.

3) Ако војниот добитник умрел а неговиот имот е пренесен на наследниците или даропримачите и примачите на мираз, пријавите го поднесуат наследниците, односно даропримачите, односно примачите на мираз секој за делот на имотот од војната печалба што ја наследил или добил на дар, односно ја примил во мираз

Член 6

Сите државни органи, установи и лица се должни на јавните обвинители на нивно барање да им ги дадат сите подаци со кои располагат за работењето на поедини војни добитници.

Член 7

Окружниот јавен обвинител ке поднесе на надлежниот окружни суд предлог за утврдување војната печалба за секој војни добитник на основа пријавата и собраните подаци.

Член 8

1) Височината на војната печалба судот ја утврдуе по своја слободна оцена, после спроведената јавна расправа, земајкји ја во оглед пријавата, сите присобрани подаци и предлогот на јавниот обвинител.

2) На јавна расправа има да се повика војниот добитник. односно лицето кое што го застапуе, и јавниот обвинител кој што го поднел предлогот за утврдување војната печалба. Тие имаат право на расправата да барат разјаснување, да ставаат и образложуат предлози, да поднесуат докази како и да изјавуат жалба против судската одлука.

Член 9

Утврдената војна печалба се зема од војниот добитник во целиот износ во полза на Фондот за обнова земјата и помошт на пострадалите краишта.

Член 10

1) Војниот добитник кој што не поднел пријава за војна печалба во срок одреден со општиот јавен позив, и издаден на основа Законот за земање војната печалба спечалена за време непријателската окупација од 24 мај 1945 година, покрај утврдениот износ на војната печалба ке плати на име казна во полза на фондот од претходниот член 15% од утврдената војна печалба, а 30% ако пријавата не ја поднел ни во срок одреден со одделен писмен позив.

2) Од оваа казна може да биде ослободено само она лице кое што ке докаже да некоја неотклонива пречка го спречила да поднесе пријава.

Член 11

Одлуката за утврдената војна печалба и за казната судот ке ја предаде на војниот добитник, односно на лицето кое што го застапуе, и на јавниот обвинител а истовремено во извод ке ја објави на видно место во судската зграда.

Член 12

1) Против одлуката на окружниот суд за височината на утврдената војна печалба и за казната војниот добитник и јавниот обвинител можат да се жалат на врховниот суд на народната република односно на врховниот суд на автономната покраина чија одлука е правосилна.

2) Жалбата се предава на окружниот суд кој што ја донел првостепената одлука во срок од осум дена од денот на нејзиното урачување.

Член 13

1) Комисиите кои што до денот на влегувањето во сила на овој закон биле надлежни да одлучуат во втор степен, ке донесат во вториот степен одлука за жалбите против сите првостепени одлуки кои што ке бидат донесени до денот на влегувањето во сила на овој закон. Во случај поништување на првостепената одлука, предметот ке се устапи на надлежниот окружен суд поради доносување на нова одлука.

2) Овие комисии правосилно ке одлучуат и за барањето на окружниот јавен обвинител за заштитата на законитоста против правосилните одлуки на првостепените комисии кои што постоеле до денот на влегувањето во сила на овој закон, доколку по тие предмети не одлучуеле во втор степен.

3) За барањето на јавниот обвинител за заштитата на законитоста против одлуката на окружната комисија, донесена во втор степен, одлучуе комисијата на автономната област, односно автономната покраина и народната република; против одлуката на комисијата од автономната област и автономната покрина одлучуе комисијата на народната република, а против одлуката на комисијата од народната република одлучуе комисија од три члена при Министерството за финансиите на ФНРЈ, која што ја поставуе Министерот на финансиите на ФНРЈ.

4) Барање за заштита законитоста против одлуката на окружната комисија, донесена во втор степен, подига окружниот јавен обвинител, а против одлуката на комисијата од автономната област, автономната покраина и народната република — јавниот обвинител на автономната област, односно автономната покраина и народната република.

Член 14

1) Утврдениот износ на војната печалба и казната војниот добитник должен е да ги плати одма после правосилноста на судската одлука.

2) Доколку војниот добитник ке докаже оти поради неликвидноста на неговиот имот не му е возможно на време и одеднаш да го плати утврдениот износ на војната печалба или казна, може да му се дозволи отплата во рати ама најповечку за шест месеци од правосилноста на одлуката.

3) Одлуката за плаќањето во рати ја донесуат заеднички претседателот и повереникот за финансии на окружниот народен одбор на чие подрачје се наоѓа органот кој што ја донел првостепената одлука за утврдување војната печалба. Против оваа одлука нема место на жалба.

4) При наплатувањето на војната печалба ке се одбијат вредностите кои што на војниот добитник му се веќе земени и преминале на државата по било кој основ или се без накнада повратени на поранешниот сопственик на основа на Законот за постапување со

имотот кој што сопствениците морале да го напуштат во текот на окупацијата и со имотот кој што им е земен од страна на окупаторот и неговите помагачи од 24 мај 1945 година.

Член 15

1) Ако по одредбите на претходниот член војниот добитник не го исплати установениот износ на војната печалба, казната, каматата и трошковите, наплатата на тие парични износи ке ги изврши по присилен пат надлежниот околиски суд.

2) Повереникот за финансии на околискиот односно градскиот или реонскиот народен одбор, надлежен за барање на наплатата, ке одлучи во смисла на напатствието на Министерот за финансиите на ФНРЈ за тоа од кој имот на војниот добитник ке се изврши оваа наплата.

Член 16

1) Присилната наплата на паричните износи на војната печалба казните, каматите и трошковите се врши на тој начин што одредениот имот на војниот добитник, потребен за подмирување на тие износи се пренесуе на државата.

2) Одлуката за пренесување ја донесуе околискиот суд на чието подрачје се наоѓа имотот на војниот добитник која што има да се пренесе на државата. Оваа одлука се донесуе по барање на повереникот за финансии на околискиот, односно градскиот или реонскиот народен одбор, надлежен спрема местото на комисијата односно судот кој што во прв степен донел одлука за војната печалба.

3) Окружните судови како и комисиите од членот 13 ке ги достават сите правосилни одлуки за војната печалба на повереницитe за финансии на околиските, односно градските или реонските народни одбори, поради наплата.

Член 17

1) Преносот на одредениот имот од војниот добитник на државата, се врши на основа на претходниот попис и проценка на тој имот кој што го врши комисијата одредена од извршниот одбор на околискиот односно градскиот или реонскиот народен одбор спрема напатствијата на Министерството за финансии на ФНРЈ. Оваа комисија составена е од најмалку три лица, од кои што се двајца стручни проценители.

2) Ако наплатата на војната печалба има да се изврши од објектот спечатен во војнта чијата проценка веќе ја извршила комисијата за утврдување на војната печалба, односно надлежниот суд, нема да се врши нова проценка, туку пренос на државата на таква недвижност ке се изврши спрема веќе извршената проценка.

3) Ако на имотот од војниот добитник која што се пренесуе на државата постоат терети, проценетата вредност на таков имот се смалуе за износот на тие терети. Овие терети ке се установат во одлуката за преносот, а по претходната нивна проценка ако видот на тие терети тоа го бара.

Член 18

На основа на правосилната одлука, донесена спрема членот 16 на овој закон, околиските судови должни се да извршат укнижба на преносот на државата правата на сопственоста или другите права на војниот добитник на недвижностите. Средствата за обезбедување на имотот на војниот добитник имаат, на барање на повереникот за финансии на околискиот, односно градскиот или реонскиот народен одбор надлежен за наплата да се дозволат и пред донесувањето одлуката за утврдување војната печалба.

Член 19

1) Против одлуката за пренесување имотот од војниот добитник на државата има место на жалба до окружниот суд во срок од осум дена од соопштувањето на одлуката. Жалбата се предава на околискиот суд кој што ја донел одлуката за пренесување-то. Во жалбата може да се истакнуат и приговори против пописот и проценката.

2) Окружниот суд кој што решуе за жалбата против одлуката за пренесување има да донесе своја одлука во срок од осум дена по приемот жалбата. Неговата одлука е правосилна.

Член 20

Со имотот пренесен на државата, доколку тој се состои од индустриски или занаетчиски претпријатија и трговски заведенија на големо, управуат до натамошна одлука надлежните стопански министерства, а со другиот имот надлежните околиски односно градски и реонски извршни народни одбори, кои можат да го уновчат по напатствијата на Министерот на финансиите на ФНРЈ, а во полза на Фондот за обнова на земјата и помошт на пострдалите краишта.

Член 21

На членовите на комисијата од членот 13 и членот 17 на овој закон им припаѓа накнада за изгубената надница и стварно направените трошкови, што се исплатуе на терет приходите од војната печалба.

Член 22

Правните работи кои што ги заклучиле војните добитници со намера да ги осуетат прописите на овој закон ништавни се.

Член 23

Правото на државата на земање војната печалба, на изречување парична казна од чл. 10 на овој закон, и на извршување одлуките донесени по овој закон не застаруе.

Член 24

Се овластуе Министерот на финансиите на ФНРЈ да издава напатствија за применување на овој закон.

Член 25

Овој закон стапуе во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративната Народна Република Југославија".

У. бр. 324
21 јуни 1946 година
Белград

**Президиум на Народната скупштина на Федеративната Народна Република Југославија**

| | |
|---|---|
| Секретар, | Претседател, |
| **Миле Перуничич**, с. р | др. **Иван Рибар**, с. р |

## 356.

На основа чл. 1 Законот за овластување Владата на ФНРЈ за донесување уредби од народнoто стопанство, по предлог на Министерот за поледелство и шумарство на ФНРЈ, Владата на ФНРЈ пропишуе

# УРЕДБА
## ЗА СЕМЕНСКА СЛУЖБА

Член 1

Министерството на поледелството и шумарството на ФНРЈ и на народните републики, повереникот за поледелство на Главниот извршни одбор на Автономната покраина Војводина и извршните одбори на народните одбори преку своите повереници за поле-

делство ке се грижат за обезбедуење стопанството со квалитетна семенска стока и со обична семенска стока.

Под квалитетна семенска стока се разбира таква семенска стока која што е способна да ја поарни и унапреди културата на растенијата, а која што од страна на надлежните органи е утврдена како квалитетна, оти ги исполнуе сите предвидени услови.

Под обична семенска стока се разбира семе за сеидба ставено во промет.

Член 2

Заради регулирање производството, расподелбата и трговијата со квалитетна семенска стока и со обична семенска стока Министерството на поледелството и шумарството на ФНРЈ ке:

1) донесуе планови за производството, откупот и расподелбата на семенската стока односно до оствареуење на вакви планови одредуе мерки во цел на производство, откуп и разделба на семенската стока; врши контрола над извршуењето на плановите односно одредените мерки;

2) донесуе прописи заради осигуруење и заштита потрошуачите во тргуењето со семенската стока;

3) организира единствена семенска контрола при увозот и извозот на семенската стока;

4) пропишуе начин за преработуење, чистење, отстрануење од зараза, складирање и испраќање семенската стока;

5) одредуе количини, видови, сорти на семенска стока наменети за извоз односно за потребите на увоз; врши расподелба и диспозиција на семенската стока мегју народните републики;

6) оснива научноиспитуачки установи при министерството и ги одредуе нивните задачи.

7) непосредно раководи со семенските претпријатија од општодржавно значење;

8) во согласност со Министерот за финансии на ФНРЈ пропишуе такси за анализа, пломбирање и атестирање семето.

Член 3

Во истата цел министерството за поледелство и шумарство на народната република односно Оделењето за стопанство на Главниот извршни одбор на Автономна покраина Војводина;

1) ке разработуе планови за производството, откупот и разделбата на семенската стока за народната република односно автономната покраина и ке спроведуе контрола над извршуењето плановите за производство, откуп и разделба на семенската стока;

2) ке одредуе количини на семенската стока потребни за народната република односно автономната покраина и количини на вишокот со кој што располага народната република односно автономната покраина;

3) ке оснива научно-испитуачки установи при министерството и ке ги одредуе нивните задачи;

4) непосредно ке раководи со претпријатијата за откуп семенската стока од републиканско односно покраинско значење; и

5) ке дава напатствија и смерници на извршните одбори за спроведуење мерки донесени во смисла точ. 1—4.

Член 4

Утврдуењето на семенската стока како квалитетна семенска стока го вршат заводите за производство и оплеменуење растенијата при Министерството за поледелството и шумарството на ФНРЈ, министерствата за поледелството и шумарството на народните републики и Одделењето за стопанство на Главниот извршни одбор на Автономната покраина Војводина.

Заводите за производство и оплеменуење на растенијата имаат, по правило, свои одделни органи и ополномошници во рамката на извршните одбори како и надвор од извршните одбори во рамката на други установи од министерството на поледелството и шумарството на народната република (полоделски станици).

И одделните органи и ополномошниците на Заводот за производство и оплеменуење растенијата можат да вршат утврдуење на семенската стока како на квалитетна семенска стока.

Министерството за поледелство и шумарство на ФНРЈ ке пропише со правилник овластуење на Заводот за производство и оплеменуење растенијата и на неговите органи за утврдуење квалитетна семенска стока.

Член 5

Грижата за производство, разделба и трговија со семенската стока ја вршат извршните одбори преку своите одделења односно отсеци надлежни за стопанството.

Заради извршуење задачите околу производството на квалитетна семенска стока и обична семенска стока се оснивааt во рамката на околискиот извршни одбор околиски комисии за признавање сејаниите и расадите на кои што е на чело повереник надлежен за стопанството.

Член 6

Околиската комисија за признавање сејаниите и расадите се состои од три члена; од повереникот на околискиот извршни одбор надлежен за стопанството, еден член кого го именуе министерот на поледелството и шумарството на народната република односно од повереник за стопанството на Главниот извршни одбор на Автономната покраина Војводина и еден член кого го именуе претпријатието за откуп семето.

Околиската комисија за признавање сејаниите и расадите врши преглед на сејаниите и расадите и на имотите од општодржавно значење. Во тој случај вториот член на комисијата го именуе Министерот на полоделството и шумарство на ФНРЈ.

Околиската комисија за признавање сејаниите и расадите можат да бидат одредени за преглед сејаниите и расадите во повеќе околии. Во тој случај, со прејдуење на подрачјето на друга околија, ке се замени само повереникот надлежен за стопанство на околискиот извршни одбор.

Член 7

Околиските комисии за признавање сејаниите и расадите имаат право да ги прегледаат сите сејании и расади на подрачјето на околискиот народен одбор заради непосредно установуење квалитетот на сејаниите и расадите

Член 8

Секој приватен, кооперативен и државен имот е должен, на барање од околиската комисија за признавање сејаниите и расадите и на другите надлежни државни органи, да стави на располагање заради испитуење и анализа онаа минимална количина семе и растенија, која е доnatочна за установуење квалитетот на сејаниите и семето. На основа на тоа Заводот за производство и оплеменуење растенијата односно неговите органи утврдуат да ли семето од односната сејанија содржи потребни својства.

Член 9

Утврдената квалитетна семенска стока производуачот е должен да ја продаде на државното претпријатие за откуп семето по барањето на претпријатието.

Таква семенска стока се откупуе по повисока цена од нормираната цена, а во случај на слободно одредуење цени се откупуе по повисока цена од пазарната во моментот на откупот.

На производуачот мора да се остави количина од семенската стока потребна за сопствена употреба.

Постотокот за повисуење цените на квалитетната семенска стока го пропишуе Министерот на поледелството и шумарството на ФНРЈ согласно со Министерот на трговијата и снабдуењето на ФНРЈ.

Семенската стока која што сопственикот на овој начин ја продава влегуе во онаа количина на приносот која што сопственикот според постоеќите прописи е обвезен да ја продаде на државата.

Државните откупни претпријатија можат да ги овластат кооперациите да вршат откуп на семенската стока.

Член 10

Државното откупно претпријатие може да склопуе договор со производуачот на квалитетната семенска стока за замена квалитетната семенска стока со друга семенска стока од помал семенски квалитет или за која што не е установен квалитет.

Поблиски одредби за ваква замена ке пропише Министерот на поледелството и шумарство на ФНРЈ.

Член 11

За да се осигура потребна количина квалитетна семенска стока околиските комисии за признавање сејаниите и расадите можат веќе по прегледот на сејаниите и расадите да предложат на околискиот извршни одбор да му забрани на сопственикот располагање со плодовите на оние површини кои што се издвоени по тие комисии, се додека не се утврди да ли е семенската стока квалитетна или не.

Во случај Заводот за производство и оплеменуење растенијата односно неговите органи да утврдат оти семето нема потребни претходни квалитети, околискиот извршни одбор ставената забрана по ст. 1 има да ја укине.

Околиските комисии за признавање сејаниите и расадите можат да издават потврда за квалитетот на сејаниите (атест).

Член 12

Во рамката на поедини месни народни одбори се оснивaат месни семенски совети составени од напредни полоделци во местото.

Задача на месните семенски совети е:

1) да помагаат во работата на околиската комисија за признавање сејаниите и расадите и да им ги покажат оние сејании и расади кои што треба да се прегледат;

2) да го контролират одгледуењето на сејаниите на оние површини за кои е одреден обвезен откуп на семето односно да го контролират одгледуењето на сејаниите од површините на кои што се врши умножуење на семенската стока на основа договорот;

3) да ја контролират вршидбата на семенската стока што е добиена од површините означени во точ. 2;

4) да го контролират начинот на преработуењето, чистењето, отстрануењето од зараза, складирањето до испраќањето на семенската стока заради продавачка на државните откупни претпријатија; и

5) да ги спроведуат мерките кои што ке ги налагаат повисоките органи.

Месните семенски совети ке соработуат со поледелските кооперации во местото кои што се занимаваат со производство на семенската стока.

Член 13

Државните откупни претпријатија можат со сопствениците на државните, кооперативните и приватните имоти да склопуат договори за производство на семенската стока (контрахирање на површините).

Поблиски одредби за вакви договори ке пропише Министерот на поледелството и шумарството на ФНРЈ.

Член 14

Секој производуач на семенската стока е обвезен, пред сеидбата и продавачката на семенската стока, во чистилниците на семето да изврши чистење на семенската стока од туѓи примеси. Над семенската стока од житарици е потребно да се изврши и отстрануење заразата.

Контролата над чистењето (отстрануење заразата) ке ја вршат извршните одбори односно месните семенски совети.

Чистилниците на семето можат да бидат државни, кооперативни и приватни. Кооперативните и приватните чистилници на семето стоат под надзор на државата.

Чистилниците на јонџиното семе можат да бидат државни и кооперативни.

Поблиски одредби за оснивање и работа на чистилниците како и за обвеза на чистењето семенската стока ке пропише Министерот на поледелството и шумарството на ФНРЈ.

Член 15

Министерот на поледелството и шумарството на ФНРЈ може да нареди забрана на сеењето известни сорти семенска стока за кои што ке се утврди оти со својот слаб квалитет ги оштетуе стопанските интереси на државата.

Со донесуењето одредбата за забрана сеењето, министрите на поледелството и шумарството на народните републики односно повереникот за поледелство на Главниот извршен одбор на Автономната покраина Војводина ке им стави на располагање на сопствениците на имотите квалитетна сорта од истата врста на семенската стока.

Член 16

Извршните одбори како и органите и ополномошниците на Заводот за производство и оплеменуење на растенијата должни се да забранат да се како семенска стока продава онаа стока која што по својата чистота, клијавост и инаку не одговора на пропишаните квалитети.

Министерот на поледелството и шумарството на ФНРЈ ке пропише со правилник која семенска стока има да се смета за неисправна.

Член 17

Семенската стока за која што е установен квалитетот а не е откупена од државното откупно претпријатие може да биде предмет на слободна трговија.

Државните претпријатија за откуп на семе вршат продавачка на семенска стока на основа планот за расподелба и клучот на расподелбата како и на основа изричит налог кој што го добиваат од својот административно-оперативен раководител.

Секој купуач има право да бара утврдуење квалитетот на семенската стока која што нема атест, а која што се продава по цена на семенската стока (чл. 9 ст. 2).

Член 18

Контролата на трговијата со квалитетната семенска стока ја вршат заводите за производство и оплеменуење растенијата како и нивните одделни органи и ополномошници за непосредна контрола на трговијата со семенска стока.

Министерствата на поледелството и шумарството на народните републики односно Одделењето за поледелство на Главниот извршни одбор на Автономната покраина Војводина можат да одредат и други органи и лица за вршење контролата на трговијата со семенска стока.

Член 19

Министерството на поледелството и шумарството на ФНРЈ може да одреди врсти на квалитетната семенска стока кои што можат да бидат во промет само во пломбирани вреќи.

Пломбирањето на вреќите ги вршат заводите за производство и оплеменуење на растенијата како и нивните одделни органи и ополномошници.

Секоја пломбирана вреќа на семенска стока мора да има потврда за квалитетот на семенската стока (атест) со кој што државата превзема гаранција за квалитетот на стоката.

За извршуење пломбирањето на квалитетната семенска стока од сејании издвоени од околиските комисии за признавање сејаниите и расадите, е потребна првобитна потврда на таа комисија за квалитетот на растението.

Член 20

Сите количини на квалитетната семенска стока во промет, за кои што надлежните органи утврдат при контролата оти по квалитетот, потеклото, означуењето и пакуењето не одговораат на постоеќите прописи има да се запленат.

Одлуката за запленатата ја донесуат извршните одбори односно органите на Заводот за производство и оплеменуење на растенијата.

Одлука по жалбата поради запленетата семенска стока донесуат повисоки извршни одбори.

Член 21

Семенска стока која што се увози или извози се контролира на ист начин како и семенската стока во внатрешниот промет.

Поблиски одредби за тоа ке донесе Министерот на поледелството и шумарството на ФНРЈ.

Член 22

За прекршуење прописите на оваа уредба ке се казни по Законот за сузбивање недопуштената шпекулација и стопанска саботажа.

Член 23

Се овластуе Министерот на поледелството и шумарството на ФНРЈ да донесе правилник за спроведуење во живот оваа уредба.

Член 24

Оваа уредба влегуе во сила со денот на објавуењето во „Службениот лист на Федеративната Народна Република Југославија".

17 јуни 1946 година
Белград

Претседател на Владата на ФНРЈ
и Министер на народната одбрана,
Маршал на Југославија
**Јосип Броз-Тито**, с. р.

Министер на поледелството и шумарството,
др. **Васо Чубрилович**, с. р.

## 357.

На основа чл. 13 Општата уредба за комитетите на Владата на ФНРЈ, Владата на ФНРЈ донесуе

## УРЕДБА

### ЗА ОСНИВАЊЕ КОМИТЕТ ЗА РАДИО-ДИФУЗНА СЛУЖБА НА ВЛАДАТА НА ФНРЈ И КОМИТЕТ ЗА КИНЕМАТОГРАФИЈА НА ВЛАДАТА НА ФНРЈ

Член 1

Оснива се Комитет за радио-дифузна служба на Владата на ФНРЈ и Комитет за кинематографија на Владата на ФНРЈ.

Поблиски одредби за организацијата и за работата на овие комитети ке пропише Владата на ФНРЈ.

Член 2

Со влегуењето во сила на оваа уредба престануе да важи Уредбата за организација на радио-дифузната служба од 17 април 1946 година.

Член 3

Оваа уредба влегуе во сила со денот на објавуењето во „Службениот лист на Федеративната Народна Република Југославија".

17 јуни 1946 година
Белград

Претседател на Владата на ФНРЈ
и Министер на народната одбрана,
Маршал на Југославија
**Јосип Броз-Тито**, с р.

## 358.

## РЕШЕЊЕ

### ЗА ОДЛАГАЊЕ СТАПУЕЊЕТО ВО СЛУЖБА ВО СТАЛАН КАДАР НА ЛИЦАТА РОДЕНИ 1925—30 ГОДИНА КОИ ПОРАДИ ВОЈНАТА И ОКУПАЦИЈАТА НЕ МОЖЕЛЕ ДА ГО ЗАВРШАТ ШКОЛУЕЊЕТО ВО СРЕДНИТЕ И НА НИВ РАМНИТЕ ШКОЛА

На основа членот 41 Законот за воената обвеза на државјаните на Федеративната Народна Република Југославија

решуам

Исклучително од одредбите на точ. 1 на членот 5 Правилникот за извршуење Законот за воена обвеза на државјаните на Федеративната Народна Република Југославија да може да се одложи стапуење во служба во сталан кадар и на сите лица родени 1925—1930 година (заклучно), кои поради војната и окупацијата не можеле да го завршат школуењето во средните и на нив рамните школа.

Молбите за одлагање службата да се поднесуат по одредбите на точ. 2 чл. 5 на Правилникот за извршуење Законот за воената обвеза на државјаните на Федеративната Народна Република Југославија. Заинтересираниот ке приклучи уз својата молба уверење оти е уписан како редовен ученик во средна или на неа рамна школа и уверење од месниот (градскиот, реонскиот) народен одбор да поради војната и окупацијата не можел да го заврши школуењето и оти не соработуел со окупаторот.

V бр. 6770
22 јуни 1946 година
Белград

Претседател на Владата на ФНРЈ
и Министер на народната одбрана,
Маршал на Југославија
**Јосип Броз-Тито**, с р.

## 359.

На основа чл. 32 во врска со чл. 6 Законот за урдеуење и работење на кредитниот систем, а по укажаната потреба донесуам

## РЕШЕЊЕ

### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУЕЊЕ РЕШЕЊЕТО ЗА ПРЕСМЕТКОВНАТА СЛУЖБА ЗА ПЛАКЈАЊЕ ПОМЕГЈУ СОЈУЗНИТЕ И ЗЕМСКИТЕ БАНКАРСКИ ПРЕТПРИЈАТИЈА СО ПОСРЕДУЕЊЕ НА НАРОДНАТА БАНКА НА ФНРЈ

**Во Решењето за пресметковната служба на плакјање помегју сојузните и земските банкарски претпријатија со посредуење на Народната банка на**

СЛУЖБЕН ЛИСТ
НА ФЕДЕРАТИВНАТА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

# ОГЛАСНИ ДЕО

## ИЗДАЊА НА „СЛУЖБЕНИОТ ЛИСТ"

Редакцијата на „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија" издава како своа едиција Збирка на закони во која ги објавуе сојузните закони и останалите прописи на Владата на ФНРЈ и нејните установи со коментари, напатствија и објаснуења за примена законските и други прописи.

Збирка на закони се штампа, по правило, на сите четири народни јазици и уредена е така да е млогу погодна за практична употреба. Поради тоа што се за аутентични законски текстови сметаат само оние кои ги издава Редакцијата на „Службениот лист" тоа сите органи на народната власт се должни да се само по нив управјават.

Досега Редакцијата на „Службениот лист" издала како посебни свески:

Св. бр. 1) Збирка на прописи за плати и надници од 1 ноември 1944 до 21 април 1945 година (распродадено);

„ „ 2) Одлука за еднообразното сметководство Дин. 15.—

„ „ 3) Збирка на прописи за надниците и платите (распродадено) — — — Дин. 15.—

„ „ 4) Правилник за пријавуење и утврдуење воената штета (распродадено) Дин. 10.—

„ „ 5) Збирка на закони и прописи за оснивање Фонд за обнова земјата и одземање воената печалба — — — — — Дин. 10.—

„ „ 6) Сметковен план за рудници на јаглен Дин. 10.—

„ „ 7) Сметковен план за предилници и ткаечници (распродадено) — — — — — Дин. 20.—

„ „ 8) Закон за бирачки спискови со коментар Дин. 5.—

„ „ 9) Закон за избор народни пратеници со коментар (распродадено) Дин. 20.—

„ „ 10) Збирка на материално-кривични прописи Дин. 12.—

„ „ 11) Збирка на прописи за аграрна реформа Дин. 15.—

„ „ 12) Збирка на закони за организација на судови, за врсти на казни, конфискација и извршуење конфискација и за давање амнестија и помиловање Дин. 20.—

„ „ 13) Збирка на прописи за поставуење и пензионисуење државните службеници и за установуење правото на пензија (распродадено) — — — — — — — — Дин. 10.—

„ „ 14) Закон за Уставотворната скупштина, Закон за печатот, Закон за удружењата, зборовите и другите јавни собори Дин. 10.—

„ „ 15) Сметковен план за фабрики на бира (распродадено) — — — — — — Дин. 30.—

„ „ 16) Збирка на закони и прописи за социално осигурање (распродадено) — Дин. 20.—

„ „ 17) Сметковен план за фабрики на шпиритус и квасец — — — — — — — Дин. 30.—

Св. бр. 18) Сметковен план за фабрики на текстилна плетена стока — — — — — — Дин. 30.—

„ „ 19) Збирка на закони и прописи за уредуење работни односи — — — — — Дин. 15.—

„ „ 20) Закон за такси со Правилник за негово извршуење — — — — — — Дин. 10.—

„ „ 21) Сметковен план за кредитни установи Дин. 30.—

„ „ 22) Устав на ФНРЈ (на поарна хартија) Дин. 10.—

„ „ 22а) Устав на ФНРЈ (популарно издание) Дин. 3.—

„ „ 22б) Устав на ФНРЈ (минијатурно издание) Дин 4.—

„ „ 23) Сметковен план за графичка индустрија Дин. 30.—

„ „ 24) Сметковен план за творници на обувки Дин. 30.—

„ „ 25) Сметковен план за творници на сапун Дин. 30.—

„ „ 26) Сметковен план за циглани, творници на клинкери, земјана стока и шамот Дин. 30.—

„ „ 27) Сметковен план за луштилници и млинови на ориз — — — — — — — — Дин. 30.—

„ „ 28) Сметковен план за ливници на железо и метал, творници на машини и масовни метални производи — — — — Дин. 30.—

„ „ 29) Сметковен план за автомобилски сообраќајни претпријатија — — — — Дин. 30.—

„ „ 30) Сметковен план за творници на конзерви Дин. 30.—

„ „ 31) Сметковен план за творници на цимент Дин. 30.—

„ „ 32) Сметковен план за трговски претпријатија кои вршат услуги — — — — Дин. 30.—

„ „ 33) Сметковен план за трговски претпријатија со сортирање, преработуење или доработуење на стока — — — — — Дин. 30.—

„ „ 34) Сметковен план за трговски претпријатија кои се бават со купо-продавачка на стока Дин. 30.—

„ „ 35) Збирка на прописи за валоризација со коментар и практични примери Дин. 80.—

„ „ 36) Сметковен план за издавачки претпријатија и книжарници — — — — Дин. 30.—

„ „ 37) Сметковен план за големи фурни, творници на кекс и суво тесто — Дин. 30.—

„ „ 38) Сметковен план за винарство и подрумарство — — — — — — — — — Дин. 30.—

„ „ 39) Сметковен план за фабрики на уље Дин. 30.—

„ „ 40) Сметковен план за творници на чоколада, бонбони и кандит — — — — Дин. 30.—

„ „ 41) Закон за непосредни даноци со Правилник за негово извршуење — Дин. 40.—

„ „ 42) Сметковен план за шумска индустрија и стругари (пилани) — — — — Дин. 30.—

**Св. бр. 43) Сметковен план за творници за импрегнација дрва — — — — — — — Дин. 30.—**

**„ „ 44) Сметковен план за угостителски претпријатија — — — — — — — — — Дин. 30.—**

**„ „ 45) Сметковен план за творници на кавени додатоци и сурогати — — — Дин. 30.—**

**„ „ 46) Сметковен план за творници на дрвовина, целулоза, лепенка, картон и хартија Дин. 30.—**

**„ „ 47) Сметковен план за фабрики на шекјер Дин. 30.—**

**„ „ 48) Сметковен план за творници на бои, лакови и фирнис — — — — Дин. 30.—**

**„ „ 49) Основен закон за брак и Закон за државни матични книги — — — Дин. 15.—**

**Азбучен регистар по материја на „Службениот лист“ за 1945 година Дин. 15.—**
**Табели на службеничкиот данок (распродадено) — — — — — — — — Дин. 20.—**

**Сите овие издања на сите народни јазици и можат да се добијат во продавницата на „Службениот лист“, Белград — Бранкова 20 и во сите поголеми книжарници во целата земја.**

**Книжарите во внатрешноста уживаат попуст од 20%. Администрацијата на „Службениот лист“ врши испорачка само по претходната уплата на порачбата. Чековна сметка 62—324.**

# СЛУЖБЕНЕ ОБЈАВЕ

## MINISTARSTVO INDUSTRIJE I RUDARSTVA NARODNE REPUBLIKE HRVATSKE

### Poziv poveriocima »Seona« ugljenokopnog d. d. Zagreb

Ministarstvo industrije i rudarstva, odjel za rudarstvo Narodne Republike Hrvatske obavješćuje, da je odlukom od 20. svibnja 1946. br. 4481/46 određena likvidacija društva: »Seona« ugljenokopno d. d. Zagreb — Masarikova 10/polukat.

Likvidatorima su imenovani: Lazanec Milan, pravni referent Odjela za rudarstvo i Kassyk Mila, činovnik oba iz Zagreba.

Pozivaju se sva lica, koja smatraju da imaju bilo kakova potraživanja prema odnosnom društvu, da to prijave u roku 3 mjeseca na adresu: Ministarstvo industrije i rudarstva, odjel za rudarstvo — za tt. »Seona«, ugljenokopno d. d. u likvidaciji, Zagreb, Trg Republike 3/III.

Br. 4481/46. — Iz Ministarstva industrije i rudarstva Narodne Republike Hrvatske. K 3931 1-1

### Poziv poveriocima Jaskanskog ugljenokopnog udruženja, Zagreb

Ministarstvo industrije i rudarstva, odjel za rudarstvo Zagreb, obavješćuje, da je odlukom od 6. lipnja 1946. br. 5517/46 određena likvidacija »Jaskansko ugljenokopno udruženje« Zagreb.

Likvidatorom je imenovan Lazanec Milan, pravni referent Odjela za rudarstvo, Zagreb.

Pozivaju se sva lica, koja smatraju da imaju bilo kakova potraživanja prema odnosnom udruženju, da to jave u roku od 2 mjeseca na adresu: Ministarstvo industrije i rudarstva, odjel za rudarstvo za Jaskansko ugljenokopno udruženje u likvidaciji — Zagreb — Trg Republike 3/III.

Br. 5517/46. — Iz Ministarstva industrije i rudarstva Narodne Republike Hrvatske. K 3930 1-1

### Poziv poveriocima Slavonskog rudarskog udruženja u Zagrebu

Ministarstvo industrije i rudarstva Narodne Republike Hrvatske u Zagrebu javlja, da je odlukom od 6. lipnja 1946. broj 5521-R-46., određena likvidacija društva: Slavonskog rudarskog udruženja u Zagrebu.

Pozivaju se sva lica, koja smatraju da imaju bilo kakovo pravo ili potraživanje prema društvu, da to jave u roku od 6 nedjelja na adresu:

Ministarstvo industrije i rudarstva — Odjel za rudarstvo — za Slavonsko rudarsko udruženje u likvidaciji — u Zagrebu.

Br. 5521-R-46. — Iz Ministarstva industrije i rudarstva Narodne Republike Hrvatske. K 3932 1-1

## TVORNICA USKOTRAČNOG ŽELJEZNIČKOG MATERIJALA

### Poziv poveriocima

Pozivaju se svi oni koji imaju bilo kakova potraživanja kod Tvornice uskotračnog željezničkog materijala dr. M. G. Rašica, Zagreb — Kustošija, Jadranska ul. 3, da prijave svoja potraživanja u neprekoračivom roku od 6 tjedana od dana objave. Posle gornjeg roka neće se priznavati neprijavljena potraživanja.

Privremeni upravitelj,
K 3927 1-1 Kostešić

# КОНКУРСИ

## ПОПРАВКА КРОВА И ФАСАДЕ БОЛНИЦЕ НА ДЕДИЊУ

Централна управа хуманитарних фондова за државно саобраћајно особље прикупљање понуде за претресање кровова и оправке фасаде болнице Дедиње, у канцеларији Централне управе хуманитарних фондова Министарства саобраћаја IV/628 у Београду на дан **2 јула 1946 године** до 10 часова пре подне.

Понуде са анализом цена и доказима о подобности за надметање имају се предати овлашћеном члану комисије или преко поште на повратни рецепис Централној управи хуманитарних фондова Министарства саобраћаја у Београду, најдаље до 10 часова пре подне на дан 2 јула 1946 године.

Понуде ће се примати сваког радног дана у затвореном омоту у канцеларијско време са садржаном изјавом да су понуђачу сви услови познати и прилозима потписатих општих услова, ценама попуњеног предрачуна и анализе цена. Понуда мора бити таксирана по Закону о таксама.

